МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 44, став (2) од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“ бр.146/09), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И БОЈАТА НА НАЦИОНАЛНАТА ОЗНАКА ЗА ОРГАНСКИ ПРОИЗВОД И НАЦИОНАЛНАТА ОЗНАКА ЗА ПРОИЗВОД ВО ПРЕОД *

* Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр.889/2008 од 5 септември 2008 год. со која се утврдуваат правилата за спроведување на Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 834/2007 за органско производство и етикетирање на органските производиво однос на органското производство, етикетирање и контрола, CELEX бр. 32008R0889.

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и бојата на националната ознака за органски производ и националната ознака за производ во преод.

## Член 2

(1) Ознаката „органски производ“ има правоаголна форма со бела основа, со минимална висина од 15 милиметри и минимална широчина од 10 милиметри. Соодносот на висината и широчината е секогаш 1:1,5. Исклучително минималната големина може да се намали на висина од 6 мм за многу мали пакети.

(2) Главниот елемент на ознаката има форма на растение-фиданка со пет симетрични листа во зелена боја. Во средината се наоѓа жолт круг кој симболизира сонце. На левата страна на ознаката е испишан зборот „органски“, а на десната страна, зборот “производ“. На долната страна се наоѓа зелена елипсоводна форма која означува сенка. Целокупниот текст е испишан на кирилично писмо.

(3) Графичкиот приказ на ознаката „органски производ“ е даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

(1) Ознаката „органски производ во преод“ има форма и боја како ознаката „органски производ“ од член 2 на овој правилник, освен што на долната страна се испишани и зборовите

„во преод“ одделени со точка.

(2) Графичкиот приказ на ознаката „органски производ“ е даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

(1) Во ознаките од член 2 и 3 на овој правилник зелената боја на растението-фиданка во Пантон скалата е зелена Пантон број 376 и зелена 50 % Cyan + 100 % Yellow, кога се користи четворобоен начин на печатење.

(2) Во ознаките од став (1) на овој член жолтата боја на кругот во Пантон скалата е жолта Пантон број 115 и жолта 10% Magenta + 80 % Yellow, кога се користи четворобоен начин на печатење.

**Член 5**

Ознаките од член 2 и 3 на овој правилник може да се користат и во црно-бели варијанти дадени во Прилог 3 и 4 кои се составен дел на овој правилник, кога бојата на позадина на пакувањето или етикетата ги прават ознаките тешко видливи.

**Член 6**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата, содржината и бојата на етикетата на органските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/07).

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.08-8103-6
26 ноември 2010 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство
**Љупчо Димовски**, с.р.

органски производ

органски • во преод • производ

органски производ

органски • во преод • производ